Врз основа на член 95, став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04 и 14/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 февруари 2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КУКЛИЦА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за прогласување на локалитетот Куклица за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-601/1
11 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.